ПОТТИКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИОТ АКТИВИЗАМ
ЗА СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА НЕЗАКОНИТО
ПОСТАПУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION



# ИЗВЕШТАЈ

## ОД МОНИТОРИНГОТ НА ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА УКАЖУВАЧИТЕ, ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР И ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА 25 ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

U.S. Embassy Skopje

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД.
Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени
овде се на имплементаторот, авторот(ите)
и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## од мониторингот на примената на Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози на 25 јавни институции во Северна Македонија

Скопје, јануари 2020

ИЗВЕШТАЈ од мониторингот на примената на Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози на 25 јавни институции во Северна Македонија

Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ

За издавачот: д-р Мишо Докмановиќ

Автори: д-р Мишо Докмановиќ. д-р Дарко Спасевски, д-р Младен Караџоски, Марко Митевски, Дејан Ристов, Александра Новеска

Лектура: м-р Лилјана Јовановска

Печати: Стоби ДООЕЛ

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот, авторот(ите) и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

# За проектот

Проектот „Поттикнување на граѓанскиот активизам за следење и известување на незаконито постапување на локалната самоуправа", го спроведува Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје во периодот септември 2019 – септември 2020 година. Проектот е делумно поддржан од Амбасадата на САД во Скопје.

Целта на проектот е да се поттикне интересот на граѓаните за примена на неколку клучни закони за остварување на нивните права на локално ниво.

Во рамките на проектот ИСИЕ го подготви овој Извештај за мониторингот на примената на Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози) во вкупно 25 институции во пет избрани општини (Скопје, Битола, Струга, Тетово и Штип). Мониторингот беше извршен врз основа на 52 индикатори.

Преку активностите на овој проект, вклучително и подготовката на оваа студија, сакаме го поттикнеме интересот на граѓаните за остварувањето на нивните права на локално ниво особено во функција на спречување на незаконитото постапување на државните органи.

# Содржина


Вовед...................................................................................................................... 7

Извештај од мониторинг на транспарентноста и отчетноста во Скопскиот Плански Регион..........................................................................................................10

Извештај од мониторинг на транспарентност и отчетност во Пелагонискиот Плански Регион..........................................................................................................17

Извештај од мониторинг на транспарентност и отчетност во Источен Плански Регион........................................................................................................................25

Извештај од мониторинг на транспарентност и отчетност во Југозападниот Плански Регион ........................................................................................................33

Извештај од мониторинг на транспарентноста и отчетноста во Полошки Плански Регион..........................................................................................................41

Заклучоци и препораки ............................................................................................47

Анекс 1: Преглед на клучни индикатори...............................................................51

# Вовед

Во рамките на проектот „Поттикнување на граѓанскиот активизам за следење и известување на незаконито постапување на локалната самоуправа“ спроведен е мониторинг над работата на 25 институции во поглед на примената на Законот за заштита на укажувачите[1], Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер [2] и Законот за постапување по претставки и предлози[3] за периодот од 2016 година до 2018 година. Согласно со целите на проектот и проектната апликација, мониторингот е спроведен над пет различни институции од следните градови: Скопје, Тетово, Струга, Штип и Битола. Поконкретно, со мониторингот се опфатени следните субјекти:

- Град Скопје;
- Основен кривичен суд Скопје;
- СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје;
- ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје;
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје;
- Општина Битола;
- Основен суд – Битола;
- Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола;
- Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола;
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Битола;
- Општина Струга;
- Основен суд – Струга;
- Гимназија „Д-р Ибрахим Темо“ – Струга;
- Општа болница – Струга;

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/2015 и 35/2018.
[2] „Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 101/2019.
[3] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015

- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга;
- Општина Штип;
- Основниот суд во Штип;
- Центарот за меѓуопштинска работа – Штип;
- Клиничката болница во Штип;
- СОУ „Јане Сандански“ – Штип;
- Општина Тетово;
- Втора гимназија „7 Март" – Тетово;
- Основен суд – Тетово;
- Клиничка болница – Тетово, и
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово.

Податоците беа обезбедени преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од 25 субјекти, одговор беше добиен од 24 субјекти, додека само од еден субјект не е добиен никаков одговор (Општина Тетово), за што беше вложена и жалба до Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Индикаторите кои се составен дел на Барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер се подготвени согласно со методологијата објаснета во „Open Government: beyond static measures A paper produced by Involve for the OECD" (2009) усогласена со спецификите на Северна Македонија, како и со механизмите и алатките содржани во Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози. Во методологијата беа определени вкупно 52 индикатора. Од институциите кои што доставија дописи по однос на барањата за слободен пристап на информации од јавен карактер, дел од нив не доставија одговори во целост за сите индикатори. Од тие причини, покрај презентирање на индикаторите, овој мониторинг извештај содржи и описен дел за секој одделен микрорегион во кој се анализирани податоците, како и дадени се засебни заклучоци за микрорегионот. Дополнително, на крајот од Извештајот дадени се и заеднички наоди и препораки.

Извештаите ги подготвија локални истражувачи кои беа избрани на јавен конкурс и кои беа обучени од страна на ИСИЕ за примена на оваа методологија.

Овој Извештај треба да се гледа и чита комплементарно со „Основната студија за имплементацијата на Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози на локално ниво во Република Северна Македонија", публикација издадена во рамките на овој проект, преку која беше направена анализа на овие закони. Целта на овие две публикации, е преку нивно меѓусебно надополнување, да се направи анализа на законските одредби, нивните слабости и недоречености и да се оцени функционирањето и примената на овие закони во пракса преку анализа на работата на 25 институции во 5 различни градови.

Преку изборот на институции, целта беше да се земат предвид оние институции чии услуги се секојдневно користени од страна на граѓаните, и тоа здравство, образование, социјална заштита, судство и единиците на локалната самоуправа. Исто така, се одлучи да се одберат пет различни градови, со цел анализата предвид да ги земе и географските и другите локални специфики.

Клучните индикатори од истражувањето се прикажани во анекс 1 на овој извештај, а сите сетови на податоци може да ги преземете од интернет-страница – www.isie.org.mk.

# Извештај од мониторингот на транспарентноста и отчетноста во Скопскиот Плански Регион

Скопскиот Плански Регион опфаќа 578.144 жители организирани во 18 единици на локалната самоуправа: Град Скопје како посебна единица на локална самоуправа, општините кои се дел од Градот Скопје: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, како и општините Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани и Чучер Сандево.

Предмет на мониторингот на транспарентноста и отчетноста на институциите во Скопскиот Плански Регион беа следните институции:

- Град Скопје;
- Основен кривичен суд Скопје;
- СУГС Гимназија „Орце Николов" – Скопје;
- ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември" – Скопје и
- ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје

Мониторингот е направен врз основа на податоците добиени од институциите како одговор на доставените барања за пристап до информации од јавен карактер. Барањата содржеа вкупно 52 прашања и тоа: 19 прашања кои се однесуваат на Законот за заштита на укажувачите, 18 прашања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и 15 прашања на Законот за постапување по претставки и предлози.

## Постапување согласно Законот за заштита на укажувачите

За постапувањето согласно Законот за заштита на укажувачите беа доставени мал дел од бараните податоци од институциите што беа предмет на мониторингот. Градот Скопје одговори дека не располага со релевантни информации поврзани со процена на капацитетите за постапувањето

согласно овој закон, додека Основниот кривичен суд – Скопје одговори само на две од прашањата. Градската општа болница „8-ми Септември" – Скопје и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје одговорија, но од причина што немаат назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи, повеќето од прашањата за овие институции се неприменливи.

Според добиените податоци, две од петте мониторирани институции имаат назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи и тоа Основниот кривичен суд – Скопје и СУГС „Орце Николов" – Скопје. Овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во СУГС „Орце Николов" – Скопје, единствената институција која достави подетални податоци за овластеното лице, е лице со високо образование кое работи на позицијата секретар и има формално работно искуство од една година пред да биде назначено за овластено лице за постапување согласно овој закон. Лицето поседува соодветен простор за прием на странки, доверен му е посебен компјутер со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему, со интернет-конекција и посебно електронско сандаче за електронска пошта со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему, како и посебна телефонска линија. Овластеното лице досега не посетувало дополнителни обуки, за ангажманот како овластено лице за прием на пријави од укажувачи не добива дополнителен надоместок покрај платата и на интернет-страницата на институцијата лицето не е наведено како овластено лице за прием на пријави од укажувачи и покрај тоа што неговите податоци се објавени на интернет-страницата.

Што се однесува до бројот на примени пријави за внатрешно пријавување во мониторираниот период од 2016 до 2018 година, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје нема примено ниту една, кај СУГС „Орце Николов" – Скопје не постојат податоци, додека останатите три мониторирани институции не одговорија на ова прашање од барањето.

Основниот кривичен суд – Скопје, СУГС „Орце Николов" – Скопје и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје немаат пропишано

акти со кои се уредуваат внатрешните процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, додека останатите две институции не одговорија на ова прашање.

Основниот кривичен суд – Скопје нема изготвено полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи до Државната комисија за спречување корупција со образложение дека од август 2018 година немаат добиено ниту една пријава, додека СУГС „Орце Николов" – Скопје не располага со вакви податоци. Останатите три институции воопшто не одговорија на овие прашања.

Во однос на податоците за тоа дали во мониторираните институции е спроведен надзор од Министерството за правда согласно членот 15 од Законот за заштита на укажувачите и дали е изречена глоба, СУГС „Орце Николов" – Скопје, како единствена институција што одговори на овие прашања, одговори дека тоа не било случај.

Прашањето дали институциите имаат организирано обуки за своите вработени или за други лица со цел да ги запознаат со нивните права од Законот за заштита на укажувачите исто така беше одговорено само од СУГС „Орце Николов" – Скопје, кои досега не спровеле вакви обуки.

## Постапување согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Сите пет мониторирани институции имаат определено службени лица за посредување со информации од јавен карактер. Бројот на службените лица во институциите се движи од еден до три и сите се со високо образование. Службените лица не добиваат дополнителен надоместок покрај платата и учествувале на една до три обуки.

Во Градот Скопје службеното лице за посредување со информации од јавен карактер работи на позицијата Советник за давање на информации,

во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје на позицијата помлад соработник за соработка со граѓани, институции, органи на државна управа, во СУГС „Орце Николов“ – Скопје службени лица се секретарот, педагогот и психологот, во СУГС „Орце Николов“ – Скопје тоа се доктори, додека Основен кривичен суд – Скопје не одговори на прашањата кои подетално се однесуваат на службеното лице. Податоците за службените лица на институциите што одговорија се објавени на нивните интернет-страници.

Градот Скопје е единствената институција која има посебна просторија во која барателот на информации од јавен карактер ќе може да го оствари своето право на увид.

Најголем број барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во периодот од 2016 до 2018 година од мониторираните институции има добиено Градот Скопје – 259, по него следува ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје со 103 барања, ЈЗУ Градска болница „8-ми Септември“ – Скопје има добиено 9 барања, СУГС „Орце Николов“ – Скопје 4 (нема евиденција за 2016 и 2017 година), додека Основен кривичен суд – Скопје не одговори на прашањата кои се однесуваат на барањата за пристап до информации.

Сите институции одговориле на сите барања од својата надлежност, додека препратени барања до соодветниот имател на информации во мониторираниот период имале Град Скопје – вкупно 7 и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје – едно. Град Скопје е единствената институција против која во мониторираниот период биле поднесени жалби до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер поради молчење или ненавремен одговор и тоа вкупно 12 жалби, додека против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје се поднесени вкупно 3 жалби против изготвени решенија. Нема ниту една повлечена жалба од поднесувачите.

Град Скопје е единствената институција од оние кои одговорија која наплатила трошоци од барателите за постапување по барањата за пристап

до информации од јавен карактер, вкупно 2.800 денари во периодот од 2016 до 2018 година.

Ниту една од институциите што одговорија, нема пропишано интерни акти за постапување и процедура за одговор по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, нема изречено дисциплински казни за службените лица, ниту пак ним им била изречена глоба согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## Постапување согласно Законот за постапување по претставки и предлози

Сите мониторирани институции освен СУГС „Орце Николов“ – Скопје имаат определено барем едно лице кое постапува по претставки и предлози. Определените лица имаат високо образование и работат на позициите Советник за давање на информации во Град Скопје, Помлад соработник за соработка со граѓани, институции, органи на државна управа во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје, двајца правници во ЈЗУ Градска болница „8-ми Септември“ – Скопје додека Основен кривичен суд – Скопје не достави подетални податоци. Наведените лица не добиваат дополнителен надоместок покрај платата и не посетиле ниту една обука во соодветната област. Град Скопје и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје ги имаат објавено податоците на определените лица на своите интернет-страници за разлика од ЈЗУ Градска болница „8-ми Септември“ – Скопје. Ниту една од институциите кои доставија податоци, нема пропишано интерни акти за постапување по претставки и предлози.

Според добиените одговори, најголем број претставки или предлози во периодот од 2016 до 2018 година има добиено ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје и тоа 217 со напомена дека не располагаат со конкретен податок за 2016 година. Пет претставки или предлози има добиено ЈЗУ Градска болница „8-ми Септември“ – Скопје, Град Скопје две, додека СУГС „Орце Николов“ – Скопје ниту една. Основниот кривичен суд – Скопје не достави податоци за бројот на добиени претставки или предлози. Сите институции кои добиле претставки или предлози, водат евиденција за истите

и во мониторираниот период одговориле на сите притоа не наплатувајќи такси за постапување.

Град Скопје, СУГС „Орце Николов" – Скопје и ЈЗУ Градска болница „8-ми Септември" – Скопје постапуваат по претставките и предлозите кои се доставени од анонимен доставувач, додека ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје тоа го прави само за прашања од јавен интерес утврдени со закон.

На ниту една од мониторираните институции не ѝ е изречена глоба согласно со Законот за постапување по претставки и предлози.

## Заклучоци

- Постои ниско ниво на транспарентност кај институциите што беа предмет на мониторингот. На дури 30 % од прашањата кои беа содржани во барањата за пристап до информации од јавен карактер, не е добиен никаков одговор. Највисоко ниво на транспарентност покажа СУГС „Орце Николов" – Скопје кои одговорија на сите прашања од барањето, додека најниско ниво на транспарентност покажа Основниот кривичен суд – Скопје кој не одговори на дури 85 % од прашањата.
- Според добиените податоци, само Основниот кривичен суд – Скопје има назначено овластени лица кои постапуваат по Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози.
- Овластените лица за постапување по Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози имаат висок степен на образование, но недоволно обуки во конкретната област и за нив не е определен дополнителен надоместок за овластувањата.

- Ниту една од мониторираните институции нема донесено интерни акти со кои се уредува постапувањето согласно Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Закон за постапување по претставки и предлози.
- Постои исклучително ниско ниво на примена на Законот за заштита на укажувачите. Само две од петте институции имаат овластено лице за прием на пријави. Во мониторираниот период од 2016 до 2018 година, кај институциите кои одговорија, не е евидентирана ниту една пријава од укажувачи.

# Извештај од мониторингот на транспарентност и отчетност во Пелагонискиот Плански Регион

Пелагонискиот Плански Регион се состои од 9 општини: Битола, Демир Хисар, Кривогаштани, Крушево, Могила, Прилеп, Ресен, Новаци и Долнени. Согласно податоците од последниот реализиран попис на населението и домаќинствата во 2002 година, во Пелагонискиот Плански Регион живеат 238 136 жители.

Предмет на оваа анализа и на овој извештај се следните институции: Општина Битола, Основен суд – Битола, Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола, Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола и Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Битола.

## Постапување согласно со Законот за заштита на укажувачите

Општина Битола и Основен суд – Битола се двете институции кои имаат назначено овластено лице за прием на пријави. Останатите анализирани институции не назначиле такво лице (аналогно на тоа, ќе бидат изземени од овој дел на анализата). Согласно Законот за заштита на укажувачите, доколку нема назначено овластено лице, се смета по автоматизам дека тоа е раководното лице во соодветната институција (директор и сл.).

Исто така, овие две институции имаат пропишано акти со кои се уредуваат внатрешните процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, додека сите останати анализирани институции одговорија дека немаат пропишано такви акти. Овластените лица за прием на пријави од укажувачи во Општината и Судот се со високо

образование (во Општината со завршен Правен факултет). Во Општината лицето имало 25 години работно искуство пред назначувањето на оваа должност, а во Судот 10 години. Во Општина Битола, работната позиција на овластеното лице е Раководител на одделение за управување со човечки ресурси кој нема посетено обуки поврзани со позицијата, а во Основен суд – Битола судија кој посетил една обука финансирана од организаторот на обуката. Основниот суд – Битола нема посебни средства за работа наменети за овластеното лице (Општина Битола не доставила информација), а нема ниту дополнителен надоместок надвор од платата за овластените лица во двете институции.

Што се однесува до бројот на добиени пријави за внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите, кои се однесуваат на 2016, 2017 и 2018 година, Општина Битола и Основен суд – Битола одговорија дека не добиле ниту една пријава во посочените години.

За ниту една институција нема направено заштитено надворешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи во трите анализирани години, а исто така, во ниту една институција не била спроведена постапка за надзор од страна на Министерството за правда, согласно одредбите од Законот. Полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до Државната комисија за спречување на корупција досега воопшто не биле испратени од страна на анализираните институции. Согласно споменатиот Закон, нема изречено глоба кај ниту една институција, а исто така, ниедна од институциите нема организирано обуки за своите вработени или за други лица со цел да ги запознае со нивните права од Законот за заштита на укажувачите, а во насока да можат да пријавуваат неправилности согласно истиот. Податоците за контакт на лицата овластени за постапување по пријави од укажувачи се јавно објавени на веб-страниците на Општина Битола и Основен суд – Битола.

# Постапување согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Сите институции имаат назначено службени лица за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, со исклучок на Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола. Општина Битола, Основен суд – Битола и Меѓуопштински центар за социјална работа – Битола имаат по едно службено лице, а Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола две службени лица. Службените лица во сите институции поседуваат високо образование, а Основниот суд во Битола и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Битола прецизирале дека на таа позиција лицето треба да има завршено Правен факултет. Во Општина Битола, пак, лицето на оваа позиција има завршено Филолошки факултет, но и магистратура по маркетинг/менаџмент.

Ниту една од институциите не предвидува дополнителен надоместок надвор од платата за овие службени лица. Во Општина Битола, работната позиција на службеното лице, согласно актите за систематизација на работни места е советник за култура. Кај Основниот суд во Битола тоа е стручен соработник, додека пак кај Гимназијата „Јосип Броз Тито“ тоа се секретар и социолог. Кај Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Битола, на таа работна позиција, лицето е правник во служба за административни работи, помошно-технички лица и човечки ресурси. Во Општина Битола, овластеното лице посетило три обуки, од кои две финансирани од донатори, а една од Општина Битола, а во Основниот суд – Битола, овластеното лице посетило една обука, финансирана од организаторот на обуката. Во останатите институции овластените лица воопшто немаат посетувано обуки. Ниту една од анализираните институции нема пропишано соодветни интерни акти за постапување и процедура за одговор по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во однос на бројот на примени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, Општина Битола во текот на 2017 година

добила 41 барање, а во 2018 година 47 барања (нема доставено податоци за 2016 година). Во 2017 година две жалби биле доставени од барателот до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во 2018 година немало жалби (нема доставено податоци за 2016 година). Аналогно на тоа, во законски предвидениот рок, во 2017 година било одговорено на 39 барања, а во 2018 година на 47 барања (нема доставено податоци за 2016 година).

Основниот суд во Битола во текот на 2016 година добил 41 барање, во 2017 година 36 барања, а во 2018 година 38 барања. Во текот на трите години не било препратено ниту едно барање до друг имател на информации согласно Законот, а немало поднесено ниту една жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во законски предвидениот рок, во трите посочени години бил доставен одговор на сите примени барања.

Гимназијата „Јосип Броз Тито" од Битола во текот на 2016 и 2017 година не добила ниту едно барање, а во 2018 година добила 2 барања на кои навремено одговорила.

Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски" – Битола воопшто не води ваква евиденција, додека пак Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Битола во текот на 2016 година добил 4 барања, во 2017 година 6 барања, исто така и во 2018 година 6 барања. Во текот на трите години не било препратено ниту едно барање до друг имател на информации согласно Законот, а немало поднесено ниту една жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во законски предвидениот рок, во трите посочени години било доставен одговор на сите примени барања.

Ниту една институција не им наплатила никакви трошоци на барателите на информации, а податоците за контакт на лицето овластено за остварување на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер се јавно објавени на веб-страниците на сите институции каде има такво лице. Во ниту една институција нема изречено дисциплински казни за

одговорните лица, а исто така на ниту една институција не ѝ било изречена глоба согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Посебна просторија за остварување на правото на увид нема обезбедено ниедна институција (Основниот суд во Битола би обезбедил за секое поединечно барање, а назначеното лице во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Битола е само во канцеларија, со што на некој начин делумно се исполнува овој критериум).

## Постапување согласно со Законот за постапување по претставки и предлози

Сите анализирани институции имаат овластени лица за постапување по претставки и предлози. Во сите институции овластените лица имаат завршено високо образование, а со исклучок на Гимназијата „Јосип Броз Тито" од Битола (каде не е наведен конкретен високообразовен профил), во сите останати институции овластените лица имаат завршено Правен факултет. Ниту една од институциите не предвидува дополнителен надоместок надвор од платата за овластените лица.

Во Општина Битола, работната позиција на овластениот службеник, согласно актите за систематизација на работни места е Раководител на одделение за нормативно-правни работи, а во Основниот суд во Битола тоа е судија. Во Гимназијата „Јосип Броз Тито" од Битола тоа е секретар, во Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски" – Битола овластеното лице е помлад соработник за правни работи, додека во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Битола, работната позиција е правник во служба за права. Ниту едно од овластените лица во четирите институции нема посетувано соодветни обуки. Исто така, освен во Гимназијата „Јосип Броз Тито" од Битола, во ниту една друга институција нема пропишано интерни акти за постапување по претставки и предлози (од Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски" – Битола потенцираат дека за ваквите постапки се применуваат одредбите од Законот за здравствена заштита).

Во однос на примените претставки и предлози, Општина Битола за 2016 година добила 1603 барања, за 2017 година – 1155, а за 2018 година – 1593 барања. На сите претставки бил доставен одговор, а следствено подносителот не поднесол жалба и не се обратил во ниту еден случај до Народниот правобранител. Основниот суд – Битола не добил ниту едно барање во трите посочени години, а Гимназијата „Јосип Броз Тито“– Битола добила само едно барање во 2017 година, на кое било доставен одговор. Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола не доставила одговор за 2016 година, во 2017 година добила 14 барања, а во 2018 година 5 барања. На сите претставки бил доставен одговор, а следствено подносителот не поднесол жалба. Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Битола во 2016 година добил 13 барања, во 2017 година – 10 барања, а во 2019 година – 9 барања. Уредно било одговорено на сите барања, но понекогаш странките дополнително поднесувале претставки до Народниот правобранител.

Што се однесува до претставките и предлозите кои се доставени од анонимен доставувач, Општина Битола дава одговор на таквите пријави, Гимназијата „Јосип Броз Тито“ – Битола не одговара, Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола не дава одговор (освен за прашања од јавен интерес утврден со закон), Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Битола воопшто не добил такви барања, а Основен суд – Битола не доставил информација. Сите институции водат евиденција за примените претставки и предлози, а ниту една институција не наплатила никаков надоместок по основ на такси за постапување по предлози во однос на трите наведени години. Исто така на ниту една од овие институции не ѝ било изречена глоба согласно со Законот за постапување по претставки и предлози. (Основен суд – Битола и Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола не доставиле одговор). Податоците за контакт на овластените лица се објавени на веб-страницата само кај Основен суд – Битола и Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола.

## Заклучоци

Согласно направената анализа, собраните емпириски податоци и сумираните резултати, може да се констатира дека анализираните институции на подрачјето на Општина Битола генерално располагаат со задоволувачки институционални капацитети за имплементација на соодветните одредби од Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози, кои се однесуваат на транспарентноста и отчетноста.

Во поглед на имплементацијата на сите закони има посебни овластени лица за прием и постапување по пријави за корупција, барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и претставки и предлози. Во сите институции, лицата се висококвалификувани и компетентни, а во одредени институции (Општина Битола и Основен суд – Битола) поседуваат и солидно работно искуство. Евидентен е недостатокот од реализирани стручни обуки во поглед на имплементацијата на трите закони, (само Општина Битола и Основен суд – Битола манифестираат некаква активност во таа насока, останатите институции воопшто не партиципираат во обуки).

Воочени се идентични состојби кај сите институции во однос на неколку параметри, односно: на ниту една институција не ѝ е изречена никаква глоба во поглед на постапувањето по законите (кај институциите кои доставиле информација); доставени се одговори од сите институции на речиси сите добиени барања, (само кај Општина Битола во 2017 година биле доставени две жалби поради непотполн одговор), претставки и предлози; не се наплатени никакви такси, трошоци или давачки за подносителите од ниту една институција, но од друга страна на овластените службени лица за овие предмети не им е исплатен никаков дополнителен надоместок надвор од редовната плата; воопшто нема изречено никакви дисциплински мерки за одговорните лица (кај институциите кои доставиле информација); сите овластени службени лица се со високо образование; кај сите институции се

води евиденција на примени барања, претставки и предлози и ниту една институција досега нема обезбедено посебна просторија за остварување на правото на увид од страна на барателот.

Постои вариетет на одговори во однос на пропишаните интерни акти за постапување (различна состојба во институциите кај примената на трите закони), посетуваните обуки од овластените лица, како и кај јавното објавување на нивните податоци на веб-страниците.

Генерално, слични се институционалните перформанси на сите анализирани субјекти во Битола, односно нема институција со супериорна или обратно со инфериорна позиција во контекст на примената на трите закони. Сепак, Општина Битола би ја апострофирале како најактивна и најангажирана институција во поглед на реализираните административни активности, но од друга страна, со одредени недостатоци во поглед на транспарентноста и отчетноста.

# Извештај од мониторингот на транспарентност и отчетност во Источниот Плански Регион

Источниот регион е еден од осумте статистички региони во Република Северна Македонија. Овој регион се наоѓа во источниот дел на државата и граничи со Вардарскиот, Скопскиот, Североисточниот и со Југоисточниот регион. Местоположбата на Источниот регион го опфаќа сливното подрачје на реката Брегалница, зафаќа 14 % од територијата на државата и е со површина од 3537 $км^2$.

Регионот го сочинуваат единаесет општини и тоа Штип, Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип и Чешиново-Облешево кои во поглед на урбанизираноста се поделени на 217 населени места од кои 209 места се карактеризираат како рурални населби.

Вкупниот број жители во регионот изнесува 181.858. Густината на населеност изнесува 51 жител на $км^2$. Меѓутоа, поради перманентниот процес на депопулација, голем е бројот на раселени села, села со големина од 100 жители и села со изразено висок индекс на стареење. Оваа состојба доведува до концентрирање на околу 66 % од населението во градските средини. Регионот има речиси четири пати помал пораст на населението во споредба со порастот на населението во земјата.

Оваа Анализа е посветена на мерење на транспарентноста и отчетноста на дел од институциите во Источен Плански Регион преку постапување согласно Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози. Предмет на ова истражување беа Општина Штип, Основниот суд во Штип, Центарот за меѓуопштинска работа Штип, Клиничката болница во Штип и СОУ „Јане Сандански“, Штип.

Методолошки податоците за ова истражување се прибрани преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и доставување на дополнителни документи како што се полугодишни извештаи по однос на законот за укажувачи и Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите на јавниот сектор.

## Постапување согласно со Законот за заштита на укажувачите

Општина Штип, Основниот суд во Штип и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа немаат назначено овластено лице за прием на пријави по Законот за заштита на укажувачи, додека Клиничката болница во Штип и СОУ „Јане Сандански“, Штип имаат назначено лице кое ги прима пријавите согласно овој закон. Во училиштето пријавите ги прима раководното лице кое е магистер на стоматолошки науки и е со непрекинат работен стаж од 2003 година и неговите податоци се објавени на веб-страницата, додека во болницата тоа го прави лицето задолжено за прием на пријави кое има високо образование и работно искуство над пет години и работи како советник по општи работи. Неговите податоци не се објавени на веб-страницата. Овие две лица кои се назначени за постапување по Законот за заштита на укажувачите, немаат посетено ниту една обука.

Во СОУ „Јане Сандански“, Штип немаат техничка и организациска опрема и мерки за постапување по Законот за заштита на укажувачите за прием и постапување по пријави за корупција, но имаат техничка и организациска опрема согласно Законот за заштита на лични податоци. Во Клиничката болница имаат простор за работа соодветен за прием на странки и посебен компјутер. За задолжените лица и во училиштето и во болницата не е предвиден дополнителен надоместок од плата.

Училиштето „Јане Сандански“ од Штип нема пропишано акти со кои се уредуваат внатрешните процедури за прием на пријави од укажувачи, во Клиничката болница постапуваат согласно Законот, додека Општина Штип,

Основниот суд во Штип и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа не одговориле дали поседуваат такви акти.

Општината, Основниот суд и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа немаат доставено одговор дали и колку пријави за внатрешно пријавување согласно со Законот за заштита на укажувачите имаат примено во нивната институција во 2016, 2017 и 2018 година, додека училиштето и болницата немале ниту една пријава.

Институциите, со исклучок на Клиничката болница за која нема направено заштитено надворешно пријавување, не доставиле одговор дали за нив е направено заштитено надворешно пријавување согласно со член 5 од Законот за заштита на укажувачите во 2016, 2017 и 2018 година. Исто така само училиштето и болницата одговориле дека немаат доставено полугодишни извештаи до Државната комисија за спречување на корупција согласно со Законот за заштита на укажувачите. Болницата немала спроведена постапка за надзор од Министерството за правда согласно со членот 15-а од Законот за заштита на укажувачите и нема спроведено обуки на вработените за запознавање на правата согласно законот за заштита на укажувачите, додека другите институции не дале одговор. За болницата и училиштето нема изречена глоба согласно со Законот за заштита на укажувачите, а другите институции не се изјасниле.

## Постапување согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Петте мониторирани институции во Штип имаат назначено лице за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер кое е со високо образование, освен тоа во училиштето кое има средно образование. Во Општината ова лице е распоредено на позицијата советник за информирање; неговите податоци се објавени на веб-страницата; нема дисциплински мерки за него и против него не е поведен управен спор. Во судот назначеното лице работи како судски администратор; неговите податоци се објавени на веб-страницата и нема дисциплински

мерки за него. Ова лице во училиштето е благајник; неговите податоци не се јавно објавени и нема одговор дали е поведена некоја мерка против него. Во болницата овластеното лице работи како советник за општи работи; неговите податоци се објавени на веб-страницата; нема дисциплински мерки за него; во Центарот за социјални работи лицето е вработено како социјален работник и нема доставено одговор дали се водела некоја мерка против него и дали се објавени податоците за него. Ниту едно од овие лица не добива дополнителен надоместок на плата за извршување на оваа работа.

Лицето задолжено за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Штип ги посетува сите обуки на кои е покането, а обуките кои ги посетува се финансирани од државни и странски финансиери. На три обуки финансирани од Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер учествувало назначеното лице од Клиничката болница.

Единствено во Општина Штип има пропишано интерни акти за постапување и процедура за одговор по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во локалната самоуправа во Штип во 2016 година добиле 46 барања согласно овој закон, од кои четири поради ненадлежност ги препратиле до други институции, во 2017 добиле 33, а во 2018 година – 49 барања од кои ниту едно не е препратено до друга институција. На сите барања локалната самоуправа одговорила во законски предвидениот рок. Нема доставено одговор дали на некое од барањата била доставена жалба, а Општината не наплатила средства за барањата.

Во Основниот суд во 2016 година биле добиени девет барања, во 2017 година 20, а во 2018 – 21 барања. Сите се одговорени навремено и ниту едно не е препратено до некоја друга институција. До нив била доставена една жалба за молчење на администрацијата и не биле наплатени трошоци на име постапување по барањата.

Во училиштето „Јане Сандански“ во овие три години биле добиени пет барања на кои барателите добиле навремен одговор и ниту едно не било

препратено до друга институција. Училиштето не добило ниту една жалба и не наплатило на ниту една институција како барател на информација.

Во болницата во 2016, 2017 и 2018 година добиле вкупно шест барања, а на четири од нив одговориле навремено. Им биле поднесени две жалби поради молчење на администрацијата и уште две до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Не наплатиле на ниту еден барател на информација по однос на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

До Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во 2016 година има три барања, од кои две се позитивно одговорени, а едно барање е одбиено, по истото била поднесена жалба која била одбиена од второстепен орган. Во 2017 година во Центарот биле примени две барања и двете биле одбиени. На едно од одбиените барања од 2017 година била поднесена жалба која била одбиена од второстепениот орган. Во 2018 година не биле примени барања. Трошоци за барањата и жалбите не биле наплаќани.

На ниту институција не и е изречена глоба според Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во однос на техничката опременост, во болницата имаат посебна просторија за овластеното лице, судот користат писарница, а во другите институции лицето нема посебна просторија.

## Постапување согласно со Законот за постапување по претставки и предлози

Општината, училиштето и Центарот за социјална работа имаат одредено лице кое постапува по претставки и поплаки, Болницата има формирано Комисија, додека судот нема определено такво лице. Во општината назначеното лице е со завршен Правен факултет кое работи како виш соработник за подготовка на акти; во училиштето е доктор по јавна администрација кој работи како секретар; во болницата сите членови на Комисијата се со завршено високо образование и специјализации и работат како доктори, а во Центарот за социјална работа е со високо образование,

на работна позиција социолог и врши работа како архивар. Ниту еден од нив не добива дополнителен надоместок на плата за овој ангажман. Лицата немаат посетувано обуки.

Во Општина Штип има пропишано интерни акти за постапување по предлози и претставки; во болницата се постапува согласно медицинските протоколи (нејасна е нивната релевантност), а другите институции немаат пропишано акти.

До Општина Штип и СОУ „Јане Сандански" во 2016, 2017 и 2018 година нема пристигнато предлози и претставки. Во Основниот суд во Штип во 2016 пристигнале 18 претставки, во 2017 година 16 и во 2018, 15 претставки. На сите одговориле, а за ниту една од нив подносителот не се обратил до Народниот правобранител. Во болницата примиле три претставки на кои одговориле и за ниту една немало поплака до Народниот правобранител. Во Центарот за социјална работа во 2016 биле поднесени три претставки, во 2017 нивниот број бил пет, а во 2018 година – девет. Освен болницата за која нема разлика дали претставките се од анонимен доставувач или не и се постапувало во рамките на нивната институција, другите институции не се изјасниле по ова прашање.

Општината и судот не доставиле одговор на прашањето дали се води евиденција за примените претставки и предлози, додека останатите институции велат дека водат таква евиденција. Сите институции, со исклучок на Општина Штип која не доставила одговор, не наплатиле такси за постапување по предлози и претставки. Општина Штип и Центарот за социјална работа не доставиле одговор, додека другите институции не ги објавиле податоците за контакт на овластеното лице во институцијата на нивните веб-страници.

# Заклучоци

Во однос на постапувањето на институциите согласно со законот за заштита на укажувачите Општина Штип, Основен суд Штип и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа немаат назначено лице за прием и постапување по пријави за корупција, додека СОУ „Јане Сандански“ и Клиничката болница имаат назначено такво лице. Оттука останатите прашања за првите три институции остануваат неодговорени, додека кај училиштето и болницата може да се види дека назначените лица немаат посетено обуки за да знаат како да постапуваат, имаат основни технички средства за работа и досега не примиле ниту една пријава.

Постапувањето на институциите согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е сосема поинакво. Сите институции имаат назначени лица кои се задолжени како иматели на информацијата да овозможат пристап до информациите од јавен карактер кои ги поседуваат. Институциите генерално одговориле на сетот прашања поврзани со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Изминатите 2016, 2017 и 2018 година до сите институции имало доставено барања на кои тие одговориле, а на некои од нив добиле и жалби од барателите. Не наплатувале кога ја давале оваа услуга и на ниту една институција не ѝ била изречена глоба согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Мониторираните институции делумно одговориле на прашањата поврзани со постапување по предлози и претставки. Сите институции со исклучок на Основниот суд во Штип назначиле лице кое ќе постапува по предлози и постапки согласно соодветниот закон. Токму до Судот пак, до Клиничката болница и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа биле поднесени претставки во 2016, 2017 и 2018 година за кои доставиле соодветни одговори. За ниту за една институција немало интервенција кај Народниот правобранител и на ниту една не ѝ била изречена казна согласно соодветниот закон.

Во рамки на испратеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, беше побарано од институциите да достават дополнителни пропратни документи. Од овие пет институции единствено Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, Штип достави Решение за службено лице за посредување со информации од јавен карактер и Годишен извештај за 2016, 2017 и 2018 година.

# Извештај од мониторингот на транспарентност и отчетност во Југозападниот Плански Регион

Југозападниот Плански Регион се состои од 9 општини: Вевчани, Дебар, Дебарца, Кичево, Македонски Брод, Охрид, Пласница, Струга и Центар Жупа. Согласно податоците од последниот реализиран попис на населението и домаќинствата во 2002 година, во Југозападниот Плански Регион живеат 221 651 жители.

Предмет на оваа анализа и на овој извештај беа следните институции: Општина Струга, Основен суд – Струга, Гимназија „Д-р Ибрахим Темо" – Струга, Општа болница – Струга и Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга.

## Постапување согласно со Законот за заштита на укажувачите

Заедничка карактеристика на сите анализирани институции е немањето на назначено овластено лице за прием на пријави. Освен Основниот суд во Струга, кој експлицитно посочува дека раководното лице, односно Претседателот на судот е задолжен за прием на пријави, останатите институции воопшто не посочуваат лице кое би било задолжено за прием на пријави. Согласно Законот за заштита на укажувачите, доколку нема назначено овластено лице, се смета по автоматизам дека тоа е раководното лице во соодветната институција (директор и сл.).

Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга не даде информација дали има пропишано акти со кои се уредуваат внатрешните процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на

пријави од укажувачи, додека сите останати анализирани институции одговорија дека немаат пропишано такви акти.

Што се однесува до бројот на добиени пријави за внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите, кои се однесуваат на 2016, 2017 и 2018 година, Основниот суд во Струга и Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ одговорија дека не добиле ниту една пријава во посочените години, додека пак Општината Струга, Општата болница во Струга и Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга немаат доставено никаков одговор.

За ниту една институција нема направено заштитено надворешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачи во трите анализирани години, а исто така, во ниту една институција не била спроведена постапка за надзор од страна на Министерството за правда, согласно одредбите од Законот. Полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до Државната комисија за спречување на корупција воопшто не се испраќаат од страна на анализираните институции. Согласно споменатиот Закон, нема изречено глоба кај ниту една институција, а исто така, ниедна од институциите нема организирано обуки за своите вработени или за други лица со цел да ги запознае со нивните права од Законот за заштита на укажувачите, а во насока да можат да пријавуваат неправилности согласно истиот.

## Постапување согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Сите анализирани институции имаат назначено службени лица за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Општина Струга има две службени лица, Основниот суд во Струга – едно службено лице, Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ – три службени лица, Општата болница во Струга – две службени лица и Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга две службени лица. Службените лица во сите институции поседуваат високо образование, а

Основниот суд во Струга прецизирал дека на таа позиција лицето треба да има завршено Правен факултет и положено правосуден испит. Ниту една од институциите не предвидува дополнителен надоместок надвор од платата за овие службени лица. Во Општина Струга, работната позиција на назначените и овластени службеници, согласно актите за систематизација на работни места, се соработник за туризам и советник во даночно одделение. Кај Основниот суд во Струга тоа е судскиот администратор, додека пак кај Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ тоа се секретар, педагог и психолог. Кај Општата болница во Струга едното лице е советник за јавни набавки, а другото лице е главна медицинска сестра во болницата. На таа работна позиција, во Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга, пак, едното лице е дипломиран социјален работник – давател на услуги, а другото лице е дипломиран правник – административен службеник.

Во Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ и во Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга службените лица воопшто немале посетувано обуки откако го добиле овластувањето; во Основниот суд во Струга лицето имало една обука, финансирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје; во Општина Струга лицето кое е советник за туризам посетило 5 обуки финансирани од Општината, додека пак во Општата болница во Струга, лицето кое е советник за јавни набавки посетило две обуки, финансирани од трети страни. Во ниту една од институциите нема пропишано интерни акти за постапување и процедура за одговор по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во однос на бројот на примени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, Општина Струга во текот на 2016 година добила 48 барања, во 2017 година – 25 барања, а во 2018 година – 28 барања. Во 2016 година две барања биле препратени до имателот на информации согласно Законот, во 2017 година едно барање било препратено, а во 2018 година немало препратено ниту едно барање. Аналогно на тоа, во законски предвидениот рок, во 2016 година било одговорено на 46 барања, во 2017 година – на 24 барања, а во 2018 година – на 28 барања. Општина Струга не доставила одговор на прашањето дали барателот поднел жалба до

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер по разни основи, како и против конкретното Решение од институцијата, во трите наведени години.

Основниот суд во Струга во текот на 2016 година добил 24 барања, во 2017 година 20 барања, а исто така и во 2018 година. Во текот на трите години не било препратено ниту едно барање до друг имател на информации согласно Законот, а немало поднесено ниту една жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во законски предвидениот рок, во трите посочени години било доставен одговор на сите примени барања.

Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо" од Струга во текот на 2016 година добила 2 барања, во 2017 година 2 барања, а во 2018 година ниту едно. Во текот на трите години не било препратено ниту едно барање до друг имател на информации согласно Законот, а немало поднесено ниту една жалба до надлежната Комисија. Во законски предвидениот рок, во трите посочени години било доставен одговор на сите примени барања.

Општата болница во Струга во текот на 2016 година добила 2 барања, во 2017 година – 5 барања, а во 2018 година – 3 барања. Во текот на трите години не било препратено ниту едно барање до друг имател на информации согласно Законот, а немало поднесено ниту една жалба до надлежната Комисија. Во законски предвидениот рок, во трите посочени години бил доставен одговор на сите примени барања.

Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга во текот на 2016 година и во 2017 година не добил ниту едно барање, а во 2018 година добил 2 барања. Во текот на трите години не било препратено ниту едно барање до друг имател на информации согласно Законот, а немало поднесено ниту една жалба до надлежната Комисија. Во законски предвидениот рок, во трите посочени години бил доставен одговор на сите примени барања.

Ниту една институција не им наплатила никакви трошоци на барателите на информации (Општина Струга и Јавна установа

Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга не доставиле одговор), а податоците за контакт на лицето овластено за остварување на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер се јавно објавени на веб-страниците на Општина Струга и Основен суд – Струга, додека во другите институции не се јавно објавени. Во ниту една институција нема изречено дисциплински казни за одговорните лица (од Општина Струга нема доставено одговор), а исто така на ниту една институција не ѝ била изречена глоба согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (од Општина Струга нема доставено одговор). Посебна просторија за остварување на правото на увид имаат обезбедено само Основен суд – Струга и Гимназија „Д-р Ибрахим Темо“ од Струга, додека пак останатите анализирани институции немаат.

## Постапување согласно со Законот за постапување по претставки и предлози

Сите анализирани институции имаат овластени лица за постапување по претставки и предлози (Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга нема доставено ниту еден одговор во однос на овој Закон и затоа ќе биде изземена од понатамошната анализа). Општина Струга има две овластени лица, Основниот суд во Струга – едно овластено лице, Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ – три овластени лица, а Општата болница во Струга – едно овластено лице. Во четирите институции овластените лица имаат завршено високо образование, а во Основен суд – Струга е експлицитно нотирано дека тоа лице е дипломиран правник со положен правосуден испит. Ниту една од институциите не предвидува дополнителен надоместок надвор од платата за овластените лица.

Во Општина Струга, работната позиција на овластените службеници, согласно актите за систематизација на работни места се соработник за туризам и помлад соработник за занаетчиство. Кај Основниот суд во Струга тоа е Претседателот на Судот, додека пак кај Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ тоа се секретар, педагог и психолог. Кај Општата болница во Струга овластеното лице е правник/секретар на болницата.

Ниту едно од овластените лица во четирите институции нема посетувано соодветни обуки (Општина Струга не доставила одговор). Исто така, во ниту една институција нема пропишано интерни акти за постапување по претставки и предлози. Во однос на примените претставки и предлози за 2016, 2017 и 2018 година, Општина Струга и Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ не добиле ниту една во посочените три години, Основниот суд во Струга во 2016 година не добил претставки и предлози, во 2017 година добил 1, а во 2018 година – 4, додека Општата болница во Струга во 2016 година добила 3 претставки и предлози, во 2017 година – 1, а во 2018 година не добила ниту една. Овие две институции доставиле одговори на сите добиени претставки, а следствено подносителот не се обратил во ниту еден случај до Народниот правобранител.

Што се однесува до претставките и предлозите кои се доставени од анонимен доставувач, Општина Струга и Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ не доставиле одговор дали постапуваат по такви поднесоци, Основниот суд во Струга не постапува по анонимни претставки и предлози, додека пак во Општата болница – Струга воопшто немало доставено такви претставки и предлози (нема одговор како би постапиле во случај да добијат).

Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо“ не води евиденција за примените претставки и предлози, а Општина Струга, Основен суд – Струга и Општа болница – Струга водат. Во Основен суд – Струга системот за евиденција е именуван како Уписник за претставки и поплаки (УПП). Ниту една од четирите институции не наплатила никаков надоместок по основ на такси за постапување по предлози во однос на трите наведени години, а исто така на ниту една од овие институции не ѝ било изречена глоба согласно со Законот за постапување по претставки и предлози (само Општина Струга не доставила информација). Единствено Општина Струга јавно ги објавила податоците за овластеното лице, а останатите три институции не го направиле тоа.

# Заклучоци

Согласно направената анализа, собраните емпириски податоци и сумираните резултати, може да се констатира дека анализираните институции на подрачјето на Општина Струга само делумно располагаат со институционални капацитети за имплементација на соодветните одредби од Законот за заштита на укажувачите, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози, кои се однесуваат на транспарентноста и отчетноста.

Најевидентно е отсуството на институционални капацитети во однос на примената на соодветните одредби од Законот за заштита на укажувачите, каде ниту една од петте институции кои беа предмет на оваа анализа, не назначила овластено лице за прием и постапување по пријави за корупција. Ситуацијата е значително подобра во однос на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за постапување по претставки и предлози, каде речиси сите институции имаат назначено посебни овластени службени лица задолжени за прием и процесирање на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и постапување по претставки и предлози.

Воочени се идентични состојби кај сите институции во однос на неколку параметри, односно: непостоење на пропишани акти за уредување на интерните процедури во однос на трите закони; на ниту една институција не ѝ е изречена никаква глоба во поглед на постапувањето по законите; доставени се одговори од сите институции на сите добиени барања, претставки и предлози; не се наплатени никакви такси, трошоци или давачки за подносителите од ниту една институција, но од друга страна на овластените службени лица за овие предмети не им е исплатен никаков дополнителен надоместок надвор од редовната плата; воопшто нема изречено никакви дисциплински мерки за одговорните лица (кај институциите кои доставиле информација); сите овластени службени лица се со високо образование.

Постои вариетет на одговори во однос на посетуваните обуки од овластените лица, јавното објавување на нивните податоци на веб-страниците, кај водењето евиденција на примени барања, претставки и предлози, како и кај постоењето на посебна просторија за увид во истите.

Генерално, нема институција која отскокнува со институционалниот капацитет во однос на примената на трите посочени закони. Но, би можеле да се издвојат Општина Струга и Основниот суд – Струга како добро организирани институции во таа насока, Гимназијата „Д-р Ибрахим Темо" и Општата болница – Струга како просечно организирани и Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Струга како послабо организирана институција. Конкретно, во делот на транспарентноста, предничи Општина Струга, а во делот на реализирани обуки, како и учество во обуки на службени лица Општина Струга и Основен суд – Струга.

# Извештај од мониторингот на транспарентноста и отчетноста во Полошкиот Плански Регион

Полошкиот Плански Регион се состои од 9 општини: Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово и Ростуша, Теарце и Тетово. Согласно податоците од последниот реализиран попис на населението и домаќинствата во 2002 година, во Полошкиот Плански Регион живеат 304 125 жители.

Во рамките на Полошкиот Плански Регион мониторингот ги опфати следните институции:

- Општина Тетово,
- Втора гимназија „7 Март" – Тетово,
- Основен суд – Тетово,
- Клиничка болница – Тетово, и
- Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово.

## Постапување согласно со Законот за заштита на укажувачите

Во рамките на барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер, со помош на кои се обезбедија податоци за оцена на транспарентноста и отчетноста на институциите, првата група прашања се однесуваше на процена на капацитетите за примена на Законот за заштита на укажувачите. Од мониторираните пет институции, од Општина Тетово не беше доставен одговор на поднесеното барање.

Согласно со направената анализа на доставените податоци, може да се забележат следните состојби во поглед на примената на Законот за заштита на укажувачите:

- Единствено Клиничката болница – Тетово има назначено лице за прием и постапување по пријави на укажувачи, додека останатите три субјекти немаат назначено такво лице. Треба да се истакне дека во Втора гимназија „7 Март" – Тетово обврските за прием и постапување по пријави на укажувачи ги врши раководното лице.
- Во однос на состојбата со интерните акти може да се констатира исто така дека само Клиничка болница – Тетово има интерни акти со кои се уредуваат внатрешните процедури.
- Согласно со обезбедените информации, може да се утврди дека работното искуство на лицата кои постапуваат по пријави на укажувачи, таму каде што има определено вакви лица, е повеќе од пет години.

Особено се интересни податоците во поглед на обуките кои се овозможуваат на лицата кои постапуваат по пријави на укажувачи. Имено, може да се забележи од сите доставени информации, дека не е организирана ниту една обука и дека ниту едно лице не учествувало на ниту една обука организирана од било кого.

Во рамките на мониторингот се изврши и процена на средствата за работа кои ги поседуваат овластените лица. Па така, во оние субјекти кои доставиле одговор, во најголем дел, иако не во целост се обезбедени средствата за работа.

За лицата кои што постапуваат по пријави, нема предвидени посебни надоместоци надвор од плата во ниту еден од субјектите кои доставиле одговори.

Од посебно значење за мониторингот беа прашањата кои требаше да овозможат податоци за суштинското постапување на субјектите, односно за бројот на пријави од укажувачи, за начинот на постапување по пријавите и слично. Со оглед на фактот дека од доставените одговори за овие субјекти, се увиде дека ниту еден од овие субјекти нема примено ниту една пријава во периодот од 2016 година до 2018 година, за жал, не може да се изврши

објективна процена на капацитетите за постапување по пријави од укажувачи.

Имајќи го предвид фактот дека најголеми потенцијални пријавувачи, согласно со Законот за заштита на укажувачите, се вработените, едно од прашањата беше дали се организирани обуки со кои вработените ќе се запознаат со можноста да се јават како пријавувачи. Единствено Клиничката болница – Тетово има овозможено достапност на ваков тип информации, но не во форма на обуки, туку како усно запознавање.

## Постапување согласно со Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

Вториот дел од мониторинг прашалникот опфаќа прашања кои се однесуваат на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Општина Тетово, како што беше претходно наведено, нема доставено одговори по однос на бараните информации. Од доставените информации на останатите субјекти, се гледа дека единствено Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово нема назначено лице за постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, додека другите субјекти имаат назначено такво лице.

Во два од анализираните субјекти, лицата за постапување со барања за информации од јавен карактер имаат завршено правни науки, додека во еден од субјектите имаат завршено социологија (високо образование) и гимназија (информатика).

Во ниту еден од субјектите, за лицата кои постапуваат по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер не е предвиден дополнителен надоместок надвор од плата.

Во делот на процена на човечките капацитети и можностите за надградба и стручно усовршување, лицето задолжено за постапување во Основен суд – Тетово има посетувано една обука, додека лицето од Клиничка

болница – Тетово има посетено три обуки. Сите обуки се финансирани од надворешни донатори.

Основниот суд – Тетово и Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово имаат пропишано внатрешни интерни акти за постапување во ваквите ситуации, додека останатите субјекти немаат такви акти.

Анализата на примени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер покажа дека се работи за многу скромен број примени барања, ако се има предвид дека се работи за период од три година, па така, Основен суд – Тетово вкупно има примено 28 барања, Клиничка болница – Тетово вкупно има примено 9 барања, додека Втора гимназија „7 Март" – Тетово и Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово немаат примено ниту едно барање.

Основниот суд – Тетово и Клиничка болница – Тетово доставиле одговори дека на сите барања е одговорено во рок, како и дека нема доставено ниту една жалба во однос на одговорите на барањата. Исто така, овие два субјекти навеле дека немаат наплатено надомест за доставените одговори на барањата.

Интересен е фактот дека субјектите кои примиле барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, одговориле потврдно и на прашањето „Дали податоците за контакт на лицето/лицата овластени за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во вашата институција се јавно објавени на вашата интернет-страница?", додека субјектите кои не примиле вакво барање, одговориле негативно на ова прашање.

## Постапување согласно со Закон за постапување по претставки и предлози

Во третиот сегмент на мониторингот се опфатени прашања поврзани со процена на капацитетите по Законот за постапување по претставки и предлози. Во делот за Општина Тетово, истото што беше претходно наведено

се применува и тука, односно Општина Тетово не достави одговор на барањето.

Два од субјектите и тоа Основен суд Тетово и Клиничка болница – Тетово изјавиле дека имаат задолжено лица за постапување по Законот за постапување по претставки и предлози и тоа во Основен суд Тетово тоа е претседателот на судот, додека во Клиничка болница – Тетово тоа е, правник од правната служба. Овие два субјекти исто така доставиле информација според која за ангажманот на лицата овластени за постапување по претставки и предлози не е предвиден надомест надвор од плата. Другите два субјекти навеле дека немаат назначено лице кое постапува по претставки и предлози.

Во делот на процена на човечкиот потенцијал и професионалната надградба, се утврди дека ниту едно од овие лица немаат посетувано обуки во периодот од 2016 до 2018 година.

Единствено Основниот суд – Тетово одговорил дека има подготвено внатрешни интерни акти за постапување по овој закон.

Од сите анализирани субјекти, само Основниот суд – Тетово има примено претставки и предлози во наведениот период и тоа вкупно 54 претставки и предлози. Од наведениот одговор може да се види дека доставен е одговор на сите претставки и предлози. Исто така, од доставените податоци може да се увиди дека не е примена ниту една анонимна претставка.

Согласно со доставените одговори, може да се утврди дека ниту еден од анализираните субјекти нема поставено на интернет-страницата податоци за контакт за лицето кое постапува по претставки и предлози.

## Заклучоци

Од анализираните доставени информации, а кои се релевантни за процена на можностите и капацитетите за овозможување на транспарентност и отчетност, може да се констатира следново:

- Во периодот на анализа, односно периодот од 2016 година до 2018 година, се увиде дека не е примена ниту една пријава во ниту еден субјект, врз основа на Законот за заштита на укажувачите. Тоа покажува дека треба дополнително да се работи за промоција на овој Закон и неговите механизми;
- Речиси ниту еден од анализираните субјекти не ги објавува на својата интернет-страница контакт-податоците за лицата кои се задолжени да постапуваат по наведените закони;
- Два од анализираните субјекти навеле дека немаат примено ниту едно барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во периодот од 2016 година до 2018 година. Тоа покажува дека овој инструмент за обезбедување на јавност и транспарентност не бил искористен воопшто;
- Во периодот од 2016 година до 2018 година, три субјекти не примиле ниту еден поднесок врз основа на Закон за постапување по претставки и предлози. Фактичката ситуација покажува дека уште еден инструмент за обезбедување на јавност и транспареност не бил искористен воопшто;
- Отсуствуваат обуки за лицата кои постапуваат по наведените закони. Имено, не се овозможува професионална надградба и специјализација за овие лица.

# Заклучоци и препораки

Од спроведениот мониторинг, може да се извлечат следните заеднички заклучоци:

- Во принцип, се исполнуваат минималните барања кои ги поставуваат законските прописи во однос на транспарентоста на институциите. Институциите не покажуваат иницијатива за поширока примена на законските прописи.
    - 9 од 25 институции одговориле дека имаат назначено посебно лице за примен на пријави од укажувачи (табела 1, анекс 1);
    - 22 од 25 институции одговориле дека имаат назначено посебно лице за постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер (табела 5, анекс 1);
    - 20 од 25 инстанци одговориле дека имаат назначено посебно лице за постапување по претставки и предлози (табела 8, анекс 1).

- Согласно со одговорите од институциите, може да се забележи дека лицата назначени за постапување по поднесоци, согласно со анализираните закони, имаат соодветно образование и претходно работно искуство, но речиси ниту една од институциите не вложува средства во обуки за своите вработени. Па така,
    - Само 2 од 25 институции одговориле дека назначеното посебно лице за прием на пријави од укажувачи има посетувано обуки (табела 2, анекс 1);

  - 14 од 25 институции одговориле дека лицата назначени за постапување по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер немаат посетувано соодветни обуки (табела 6, анекс 1);
  - 25 институции одговориле дека ниту еднаш, ниту едно лице кое постапува по претставки и предлози од граѓани посетувало било каква обука (табела 9, анекс 1).

- Од доставените податоци, може да се забележи дека отсуствува и транспарентност во поглед на достапноста на податоците за контакт на овластените лица, па така:
  - Само 3 од 25 институции одговориле дека податоците за контакт со овластените лица, согласно со Законот за заштита на укажувачи, ги имаат објавено на својата интернет-страница (табела 11, анекс 1);
  - 15 од 25 институции одговориле дека податоците за контакт со овластените лица согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ги имаат објавено на својата интернет-страница (табела 12, анекс 1);
  - Само 5 од 25 институции одговориле дека податоците за контакт со овластените лица согласно со Законот за постапување по претставки и предлози ги имаат објавено на својата интернет-страница (табела 13, анекс 1).

- Во поглед на минимум материјалните услови и средства за работа на овластените лица, треба да се истакне дека само посебниот подзаконски акт кој произлегува од Законот за заштита на укажувачите, предвидува минимум средства за работа, но на овој индикатор, дури 20 институции одговориле дека ги немаат обезбедено во целост сите потребни средства за работа (табела 3 анекс 1).

- Од претходно изнесеното не зачудува ниту фактот дека отсуствува сериозна бројка на поднесоци врз основа на наведените закони. Па така,
    - 12 институции немаат примено ниту една претставка и предлог согласно со Законот за постапување по претставки и предлози во периодот 2016 година до 2018 година (табела 10, анекс 1);
    - 5 институции немаат примено ниту едно барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во периодот 2016 година до 2018 година (табела 7, анекс 1);
    - Ниту една од 25 анализирани институции нема примено ниту една пријава од укажувач во 2016, 2017 и 2018 година одделно (табела 4, анекс 1).

Врз основа на претходно изнесеното, произлегуваат повеќе препораки. Потребно е:

- Назначување на овластени лица за постапување по трите закони, онаму каде што тоа не е направено;
- Надградба на човечките капацитети преку организирање на соодветни обуки за овластените лица во рамки на субјектот и/или финансирање на учество на обуки организирани од трети страни (граѓански организации, едукативни центри);
- Донесување на потребните интерни акти кои се предвидени со законските прописи;
- Навремено доставување на соодветните извештаи до државните институции;
- Овозможување на средства за работа на овластените лица за постапување по односните закони;
- Предвидување на одреден износ по основ на надоместок за овластените лица кои постапуваат по односните закони;

- Објавување на интернет-страницата на институцијата контакт-податоците од овластените лица, а сè во насока на зголемување на бројот на поднесоци по односните закони;
- Организирање на средби со локални граѓански организации и локални медиуми во насока на воспоставување врска и партнерство помеѓу овластените лица и локалните граѓански организации и медиуми;
- Воспоставување на систем на одговорност за постапувањето на овластените лица по трите закони, во случај на постапување спротивно на законските одредби.

# Анекс 1: Преглед на клучни индикатори

## Табела 1

| Дали во Вашата институција, обврските од ЗЗУ за прием и постапување по пријави за корупција, ги врши раководното лице или има назначено овластено лице за прием на пријави? | Тетов о | Скопј е | Битол а | Струг а | Шти п | **Вкупн о** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | **9** |
| Не* | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | **16** |

## Табела 2

| Институции во кои овластеното лице за прием на пријави од укажувачи има посетувано обуки | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да, има посетувано обуки | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | **2** |
| Не, нема посетувано обуки* | 4 | 5 | 4 | 5 | 5 | **23** |

## Табела 3

| Институции во кои се обезбедени минималните средства за работа на лицето кое постапува по пријави од укажувачи | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | **5** |
| Не* | 3 | 4 | 5 | 5 | 3 | **20** |

## Табела 4

| Институции кои примиле пријава од укажувач во 2016, 2017 и 2018 г. одделно | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Примиле пријава | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Не примиле пријава* | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | **25** |

## Табела 5

| Институции кои имаат определено службени лица за остварување на ПСП | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Има определено лице | 3 | 5 | 4 | 5 | 5 | **22** |
| Нема определено лице* | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | **3** |

## Табела 6

| Институции во кои службените лица за остварувањето на ПСП посетувале обуки во периодот 2016 – 2018 г. | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Повеќе од три обуки | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | **6** |
| Помалку од три обуки | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | **5** |
| Ниту една обука* | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | **14** |

## Табела 7

| Институции кои што имаат примено БСП во периодот 2016 – 2018 г. | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Има примено БСП | 2 | 4 | 4 | 5 | 5 | **20** |
| Нема примено БСП* | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | **5** |

## Табела 8

| Институции кои имаат назначено лице/лица кое е овластено за постапување по претставки и предлози? | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Има назначено лице/лица | 2 | 5 | 5 | 4 | 4 | **20** |
| Нема назначено лице/лица* | 3 | 0 | 0 | 1 | 1 | **5** |

## Табела 9

| Институции во кои назначеното лице/лица овластено за постапување по претставки и предлози, има посетувано обуки во периодот 2016 – 2018 г. | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Повеќе од три обуки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Помалку од три обуки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Нема посетувано ниту една обука* | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | **25** |

## Табела 10

| Институции кои имаат примено претставки и предлози согласно со ЗПП во периодот 2016 – 2018 г. | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Има примено | 1 | 3 | 4 | 2 | 3 | **13** |
| Нема примено* | 4 | 2 | 1 | 3 | 2 | **12** |

## Табела 11

| Институции кои имаат објавено подат. за контакт со овластените лица согласно ЗЗУ на својата интернет-страница | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Има објавено податоци за контакт | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | **3** |
| Нема објавено податоци* | 5 | 5 | 3 | 5 | 4 | **22** |

## Табела 12

| Институции кои имаат објавено подат. за контакт со овласт. лица согласно ЗСП на својата интернет-страница | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Има објавено податоци за контакт | 2 | 4 | 4 | 2 | 3 | **15** |
| Нема објавено податоци* | 3 | 1 | 1 | 3 | 2 | **10** |

## Табела 13

| Институции кои имаат објавено подат. за контакт со овласт. лица согласно ЗПП на својата интернет- страница | Тетово | Скопје | Битола | Струга | Штип | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Има објавено податоци за контакт | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | **5** |
| Нема објавено податоци* | 5 | 3 | 3 | 4 | 5 | **20** |

*вклучително и нема доставен одговор.

* Од вкупно 25 институции, една институција не доставила одговори

* ЗЗУ – Закон за заштита на укажувачите

* ЗПП – Закон за постапување по претставки и предлози

* ЗСП – Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер

* ПСП – Право на слободен пристап до информации од јавен карактер

* БСП – Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер